Република Северна Македонија
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-611/2
17.10.2024 год. viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Друштво за промет, транспорт и услуги
ЛАДРУС ДООЕЛ
Бр. 03-10
17.10.2024 год.
Скопје

ДОГОВОР

за набавка на услуги: поправка и одржување на службените возила

Склучен на 17.10.2024 година помеѓу:

1. **Општина Арачиново, адреса ул. 1. Бр. 2 с. Арачиново, преставувано од градоначалникот Ридван Ибраими (во понатамошниот текст Договорен орган), и**
2. **ЛАДРУС ДООЕЛ, Скопје,ул.Трифун Пановски бр.4-3/12,претставувано од Управителот Михајло Доневски (во понатамошниот текст Носител на набавка)**

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и носителот на набавка, за набавка на одржување и поправка на возила за потребите на Општина Арачиново, кои носителот на набавка се обврзува да ги изврши, а договорниот орган да ги превземе и плати, во согласност со одредбите на овој Договор како и согласно Одлуката за јавна набавка број 13-611 од 10.09.2024 година, по спроведена поедноставена отворена постапка со објавување на оглас за јавна набавка број 14455/2024 година, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки на ден 10.09.2024 година и Одлуката за избор на најповолна понуда број 13-611/1 од 07.10.2024 година.

ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цена за работна рака/час за поправка и одржување на моторни возила кои се сопственост на Општина Арачиново изнесува 1.000,00 денари без ДДВ (1.180,00 денари со ДДВ).

Вкупната вредност на овој Договор изнесува 1.200.000,00 денари без ДДВ (1.416.000,00 денари со ДДВ), согласно планираните и обезбедени финансиски средства.

Во вкупната цена на набавка е засметана вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Вкупната цена не смее да ја надмине вкупната вредност на Договорот.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој Договор се склучува на определено време за период од 24 (дваесетичетири) месеци од денот на склучувањето.

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 5

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;

-количини со опис услугата

-единечни договорни цени на секој од елементите;

-вкупни цени по елементи;

-вкупна цена на фактурата;

-пресметка за ДДВ;

-валута на плаќање.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

Носителот на набавка се обврзува да достави фактура со уредно заверена испратница, потпишана од примателот, во рок од 3 дена од денот на извршената услуга до Договорниот орган.

РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 8

Договорниот орган и Носителот на набавката немаат право на промена на цената на услугите, освен во случај доколку некој дел не е наведен во Спецификација во Прилог бр.1, цените ќе се пресметуваат со доставување на посебна изјава од носителот на набавката за цената на делот и дека истата содејствува со пазарната вредност на истиот.

КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 9

Носителот на набавката се обврзува услугата да ја изврши согласно професионалните стандарди на професијата.

Носителот на набавката одговара за квалитетот на извршените услуги и должен е да обезбеди сопствена ревизија за квалитетот на извршената услуга.

Носителот на набавката е должен да ги разгледа сите примени рекламации и доколку се оправдани да ги отстрани на свој трошок. Оправданоста на рекламациите да ги решава заедно со комисија на крајниот корисник.

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 10

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата по доставување на возилото во сервисот во време зависно од сложеноста на дефектот и потребните работни операции.

Економскиот оператор е должен да изврши преглед на возилото и за истото да отвори работен налог. Работниот налог треба да биде потврден од Договорниот орган, пред Економскиот оператор да пристапи кон извршување на поправката/ сервисирањето на возилото.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога одржување и поправките кои се ревидирани ќе му ги врачи на Договорниот орган.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 11

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на услугата во рок од 30 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 12

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 15

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 16

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од оваа рамковна спогодба, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Северна Македонија.

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 15 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа рамковна спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на оваа рамковна спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои 2 (два) се за носителот на набавката и 2 (два) за договорниот орган и стапува во сила со денот на нејзиното склучување.

Општина Арачиново
Градоначалник
Ridvan Ibraimi

Договорен орган

ЛАДРУС ДООЕЛ, Скопје
Управител
Михајло Доневски

Носител на набавка